SYSTASIS
ISSN 1857-5129
Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

УДК: 821.14'02-21:811.163.3'255.4(049.3)

# Еврипид, *Децата на Херакле*

## (предговор и препев од старогрчки Валериј Софрониевски, Три, Скопје, 2021. Стр. 84. ISBN 9786082307657)

**Моника Силјановска**

класичен филолог,
СУГС Гимназија „Никола Карев“

Еврипид е третиот од тријадата големи поети на драмската поезија на Хелада. Карактеризиран е како реалист бидејќи ликовите во неговите дела ги претставува онакви какви што се, но и како сценски филозоф или најголем филозоф меѓу трагедиографите бидејќи промислено ги изложува прашањата со коишто се занимава. Истовремено, Еврипид е трагичарот што предизвикува најмногу контроверзни мислења и силни реакции, но и на извесен начин различен од дотогашниот трагедиографски корпус. Од неговото богато дело се зачувани една сатирична драма и осумнаесет трагедии. Една од нив е и не толку познатата Хераклејади или Децата на Херакле, напишана помеѓу 430 и 427 година пр. н. е. кога Спартанците веќе ја нападнале Атина. Станува збор за човечка и политичка драма во која една извонредна серија на пресврти се движи од крајно незамисливи до застрашувачко реалистични точки. Едно од нештата на кои Еврипид силно го свртува вниманието е и штедрата милост на Атињаните кон гонетите и обесправените деца на Херакле, наспроти несоодветниот однос кон нив од сите други места каде што бараат засолниште. Херакле, пак, иако мртов како човек, сепак е присутен преку страдањето на неговите деца предизвикано од надмоќниот Евристеј, и преку пријателската љубов на Јолај, кој, грижливо закрилувајќи ги децата на Херакле, и самиот станува прибегар, талкајќи заедно со нив во потрагата на засолниште.

Според митот, кралот на Аргос, Евристеј, откако залудно се обидувал да го уништи Херакле со сите опасни подвизи што му ги задавал, по неговата смрт ги гони и неговите деца, плашејќи се дека, кога ќе пораснат, ќе му се одмаздат, па ги прогонува низ цела Хелада, а заедно со нив и Јолај, внукот и пријател на Херакле, кој и по цена на својот живот не ги остава момчињата сами на немилоста на Евристеј, додека, пак, за девојчињата се грижи Алкмена, мајката на Херакле. Единствен град што им нуди заштита е благородната Атина со нагласен демократски карактер, не стравувајќи од моќниот Аргос, кој несомнено ја демне; Атина, под власта на синот на Тесеј, кралот Демофонт, кој, пак, потпирајќи се на пророштвото, според кое би го победил Евристеј доколку биде жртвувана најблагородната девица, а девојката што дознава за пророштвото и доброволно ја принесува саможртвата за општо спасение е Макарија, една од ќерките на Херакле, му објавува војна. Евристеј е уапсен и одведен кај Алкмена, која пак го обвинува за нечовечност и му се заканува со смрт, онаа што молеше за милост, откако дојде во можност, се престори во безмилосен убиец. Така Еврипид му остава широк простор на читателот постојано да ги преиспитува моралните димензии и прашања, кои резонираат и во театарската реалност и надвор од неа во тогашната реалност и во нашето современие, прашања како хуманиот однос, односот кон заробениците во војна, односот кон прибегарите, односот меѓу правото и моќта, односот меѓу пишаните и непишаните закони. Оваа трагедија е актуелна бидејќи, освен што ги поставува проблемите во нивната човечка, лична димензија, ги носи и на едно универзално ниво, проблемите како надменоста на моќните врз слабите (како во случајов, Евристеј кон децата на Херакле), занемарувањето на законите на земјата домаќин (како однесувањето на Алкмена кон Евристеј како воен заробеник, односно неговото убиство од нејзина страна, против непишаното правило на Атињаните), третманот на заробениците од страна на Јолај, отсуството на благородност и благодарност на потомците на Херакле што ќе ги доведе до тоа еден ден да се кренат против великодушната Атина, единственото нивно засолниште, нагаласувајќи ја променливата и превртлива човечка природа.

Децата на Херакле е уште една можност на современиот човек за пристап до начинот на размислување не само на античкиот

трагедиограф Еврипид туку и воопшто во античкиот свет, во секојдневието на тие луѓе, и да формира лично мислење за нивниот живот. Трагедијата, пак, како и секоја друга голема уметност, има вечна моќ бидејќи му припаѓа на секое време, не само на времето кога е напишана.

Децата на Херакле од Еврипид неодамна излезе на македонски јазик. Препевот и предговорот се направени од проф. Валериј Софрониевски, а изданието е на Издавачкиот центар ТРИ.